SSWAHTU: 825
MACEDONIAN
APRIL 2008

SOUTH EASTERN SYDNEY ILLAWARRA
NSW HEALTH

# СОВЕТ ЗА ПАЦИЕНТИ КОИ ИЗЛЕГУВААТ ОД БОЛНИЦА ПОСЛЕ ОПЕРАЦИЈА НА ОЧНАТА МРЕЖНИЦА (ADVICE TO PATIENTS LEAVING HOSPITAL AFTER RETINAL SURGERY)

## Каде се наоѓа очната мрежница ? (Where is the retina?)

Очната мрежница (retina) е танок слој на ткиво кој ја обложува внатрешноста на задниот дел од окото. Мрежницата често се опишува како “филм во фото-апаратот за сликање“. Светлината поминува низ црнката на окото (pupil) и преку рожницата (cornea) и леќата (lens) се центрира врз мрежницата во задниот дел на окото. Сликата што е центрирана врз мрежницата се испраќа до мозокот преку очниот нерв (optic nerve). Овој процес ви овозможува да гледате.

## Што е тоа одвојување на мрежницата ? (What is a retinal detachment?)

Одвојувањето на мрежницата (retinal detachment) се случува кога мрежницата се одвојува од внатрешноста на задниот дел од окото, слично како лупење на ѕидна тапета од ѕид. Кога ова еднаш ќе се случи, вашата очна мрежница престанува правилно да функционира и, ако се остави така одвоена, ќе биде трајно оштетена и ќе доведе до слепило.

## Како може да ми се поправи одвоеноста на мрежницата? (How can my retinal detachment be repaired?)

Одвоеноста на вашата очна мрежница може да се поправи со употреба на неколку техники:

- замрзнување
- ласер
- постапки со употреба на гас, масло и воздух (внатрешно око)
- постапки со местење на ленти и скопци - “Band & Buckle” - (надворешно око)

# Колку време ќе му треба на окото да заздрави после операција на мрежницата? (How long will it take my eye to heal after retinal surgery?)

Целосното оздравување може да потрае неколку месеци после операцијата . Во првите неколку дена окото може да ви биде закрвавено и очните капаци да ви бидат натечени. Ова ќе помине во текот на следните неколку недели.

Погледот ќе ви биде нејасен со недели или месеци зависно од тежината на одвојувањето на мрежницата и начинот на кој е извршена операцијата. Вашето чуство за просторно-длабинско гледање може да биде влошено. Во текот на ова време можеби ќе ви биде тешко да ги порценувате растојанијата. Бидете внимателни при користење на скали, на улица или во градина и кога наливате жешки течности.

## Операција со гасно меурче (Gas Bubble Surgery)

Ако во окото ви е ставен гас, на рачниот зглоб ќе носите зелена “Gas Alert“ алармна белегзија. Ве молиме не вадете ја белегзијата од раката; вашиот хирург ќе ја извади кога гасот ќе исчезне. Белезгијата ги предупредува другите здравствени работници.

**НЕ СМЕЕТЕ:**

- да патувате со авион
- да патувате на големи надморски височини (повисоко од 400 метри)
- да нуркате
- да примите анестетичен гас азот оксидул (nitrous oxide anaesthetic gas) за анестезија (пр. при заболекарски зафати, за отстранување на болка после несреќен случај)

Ве молиме разговарајте со вашиот лекар кога ќе можите да летате или да нуркате.
**(Please discuss with your doctor when you can fly or dive)**

- Ако во окото ви е ставен гас или масло можеби ќе ви се наложи главата да ја држите во одредена положба. Видот на положбата и времетраењето (од еден ден па до еден месец) ќе бидат одредени од страна на вашиот лекар. Можете да седите исправено кога јадите, миете и кога користите купатило. Положбата на вашата глава е многу важна затоа што положбата му помага на меурчето да турка кон мрежницата и да ја држи на место.